# 157. ЗАВИЛА СЕ ЕДНА МИ ЛОЗА ВИНОВА

Крај: Тиквеш, Војшанци
Пеел: Јордан Манев
Роден: Војшанци, 1943 год.
Мелограф.: Ал. Линин

Лента бр.: 216/2
Снимена: Неготино, Тиквеш
25 ноември 1958 год.
Мелограф.: Скопје, 21.05. 1964.




1. Завила се една ми лоза винова,
   завила се околу града Битола;

2. под лозата една ми чешма шарена,
   на чешмата една ми плоча мермерна;

3. на плочата една ми чаша шарена,
   во чашата рујно ми вино црвено;

4. во чашата рујно ми вино црвено,
   во виното до три ми коцки шеќерни;

5. гледате ли како се топи шеќерот,
   така се топи мојто срце по младост.

**Забелешка**: Секој парен стих се пее по двапати.

Линин, Александар. Тиквешки народни песни. Скопје: Мисла 1978.